10ти Конгрес на Македонско Стоматолошко Друштво
18-21 Септември, 2025, Хотел Метропол, Охрид,
Република Северна Македонија

# “Иднината на совршеност во стоматологијата: уметност на науката, знаењето и вештините”





## Порака на претседателот

*Почитувани колеги и пријатели,*

*Со голема чест и задоволство ве поканувам на 10-тиот Конгрес на Македонското стоматолошко друштво со меѓународно учество, кој ќе се одржи од 18-ти до 21-ви септември во Охрид, Република Северна Македонија.*

*Годинава славиме јубилеј 20 години од формирањето на Македонското стоматолошко друштво. Наше големо задоволство е да ви посакаме искрено и срдечно добредојде да ни се придружите и заедно ја прославиме двојната годишнина.*

*Македонското стоматолошко друштво во изминатите децении организираше многу национални и меѓународни настани. Традицијата на организирање научни манифестации со гордост продолжува со 10-тиот Конгрес на МСД, како национален конгрес со големо меѓународно учество. Срдечно ве покануваме да ни се придружите и оваа година, за да ја задржиме традицијата на размена на знаења и стекнување нови пријатели.*

*Во текот на четирите конгресни дена, кој се одржува во градот Охрид, хотел Метропол – Метропол Лејк Ресорт ќе имате можност да слушнете презентации поврзани со главната тема на Конгресот „Иднината на извонредноста во стоматологијата: уметност на науката, знаење и вештини“. Експерти од различни области во стоматологијата ќе ги споделат и дискутираат своите вредни искуства од нивната професионална и научна работа.*

*Античкиот град Охрид (на списокот на светско наследство на УНЕСКО) ќе ги отвори своите порти за вас, како што домаќините ќе ги отворат своите срца! Покрај научната, подготвивме програма која вклучува истражување на локалната култура и кујна. Антички Охрид е незаборавно искуство, а септември е идеално време за уживање во локалитетите под убаво време.*

*За релаксација, можете да го изберете манастирот Св. Наум и изворите на реката Црн Дрим, или Самоиловите тврдини, стариот антички театар, Заливот на коските, античкиот град Охрид (Лихнидос), или посета на ривиерата и капење во бистрите сини води на Охридското Езеро. Ќе можете да уживате во најживописните вина и јадења, лоцирани покрај некои од најчистите води во Европа - Охридското Езеро, додека ги изострувате мислите со темите и извонредните провокативни предавачи!*

*Придружете ни се за незаборавно научно и културно искуство на 10-тиот Конгрес на Македонското стоматолошко друштво во Охрид.*

*Очекуваме да го направиме вашиот престој во Охрид навистина незаборавен!*

*Проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова*
*претседател на Конгресот*